У-5.бр.1351/2019

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Дитурије Елези Незири - претседател на советот, Ана Герасимовска и Даниела Антовска - членови на советот, со записничар Роберт Јордев – судски соработник, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за производство, трговија и услуги ДОН – ХАУС ДООЕЛ експорт – импорт с.Мала Речица, Тетово, поднесена преку полномошник Александар Стефанов адвокат од Скопје, против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-428/11 од 05.07.2019 година, за јавна набавка, на седницата на советот одржана на 09.09.2020 година, донесе:

П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот, Друштво за производство, трговија и услуги ДОН – ХАУС ДООЕЛ експорт – импорт с.Мала Речица, Тетово, поднесена против Решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки бр.09-428/11 од 05.07.2019 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

Барањето на тужителот за надомест на трошоците во постапката, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНО.

О б р а з л о ж е н и е

Со оспореното решение бр.09-428/11 од 05.07.2019 година, на Државната комисија за жалби по јавни набавки, се одбива како неоснована жалбата на Друштво за производство, трговија и услуги ДОН – ХАУС ДООЕЛ експорт – импорт с.Мала Речица, Тетово, изјавена против Одлуката за избор на најповолен понудувач бр. 03-344/10 од 11.06.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со Отворена постапка бр.1/2019 за набавка на работи – Молерско – фарбарски работи (изолација, фасадирање, бојадисување) и набавка на ПВЦ прозори на договорниот орган ООУ Сами Фрашери с.Глумово.

Незадоволен од оспореното решение на Државната комисија за жалби по јавни набавки, тужителот поведе управен спор со предлог истото да се поништи, поради погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право. Во тужбата е наведено дека наводите во известувањето за одлука за избор на најповолен понудувач се неосновани и контрадикторни, ос причина што во Изјавата за независна понуда дадена од страна на одговорното лице Насер Сеадини, а врз основ на член 129 став 2 од Законот за јавните набавки, под целосна материјална и кривична одговорност изјавило дека понудата во отворената постапка по оглас бр.01/2019, ја поднесува независно, без договор со други економски оператори на начин кој не е спротивен на прописите за заштита на конкуренцијата. Предвид наведеното, тужителот смета дека во Изјавата за независна понуда точно се опфатени и наведени видот на

постапката и бројот на огласот побара Судот да го поништи оспореното решение и предметот да го врати на повторно постапување и одлучување.

Во одговор на тужбата тужениот орган наведе дека тужбените наводи на тужителот се неосновани и остана при наводите од оспореното решение, од причина што не нашол пропусти во спроведувањето на конкретната постапка.

Согласно чл.13 од Законот за управните спорови(Сл весник на РМ бр.62/2006 и бр.150/2010), судот ја достави тужбата на заинтересираното лице ДТУ Вебер инвест ДООЕЛ с.Рашче Сарај, кој уредно известен не се произнесе по однос на тужбените наводи на тужителот.

Одговорот на тужба од тужениот орган, Судот го достави до полномошникот на тужителот како би се запознал со содржината на истиот, кој тужителот, уредно го примил меѓутоа, не достави произнесување по истиот.

Тужбата е неоснована.

Од увидот во списите на предметот, Судот утврди дека договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.01/2019 за набавка на работи – молерско – фарбарски работи и набавка на ПВЦ прозори, за што претходно била донесена Одлука за групна јавна набавка на работа за училишта ООУ Емин Дураку с.Буковиќ, ООУ Ибе Паликуќа с.Бојане, ООУ Дрита с.Рашче и ООУ Сами Фрашери с.Глумово бр.03-344/1 од 29.03.2019 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, набавката била делива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи најниска цена. Од понудувачите било побарано да достават документи за утврдување на личната состојба, документи за вршење на професионална дејност, Изјава за независна понуда, Изјава за сериозност на понудата.

До крајниот рок за поднесување на понудите 24.04.2019 година до 10.00 часот, пристигнале вкупно 11 (единаесет) понуди за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.03-344/5 од 24.04.2019 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, спровела електронска аукција, по што изготвила Извештајот од спроведена постапка бр.03-344/6 од 10.05.2019 година и дала предлог за избор како најповолна понуда за дел 1 да биде прифатена понудата Вебер Инвест ДООЕЛ Сарај и дел 2 понудата на Еуро-Лрснина ДООЕЛ Тетово. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлуката за избор на најповола понуда бр.03-344/7 од 13.05.2019 година.

Незадоволен од донесената одлука за избор на најповолна понуда, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел тужителот ДОН – ХАУС ДООЕЛ експорт – импорт с.Мала Речица, Тетово.

Државната комисија постапувајќи по жалбата на ден 05.06.2019 година донела Решение бр.09-370/7 со кое ја укинала Одлуката за избор на најповолна понуда бр.03-344/7 од 13.05.2019 година, донесена по Огласот за доделување на договор за јавна набавка со отворена постапка бр.01/2019 за набавка на

молеро-фарбарски работи и ПВЦ прозори на договорниот орган ООУ Сами Фрашери Глумово и предметот го вратила на повторно постапување и одлучување на договорниот орган. Договорниот орган врз основ на повторниот Извештај од спроведена постапка бр.03-344/9 од 10.06.2019 година и извештајот од текот на е-аукција донело Одлука за избор на најповолна понуда бр.03-344/10 од 11.06.2019 година.

Незадоволен од вака донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр.03-344/10 од 11.06.2019 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел тужителот ДОН – ХАУС ДООЕЛ експорт – импорт с.Мала Речица, Тетово.

Судот најде дека тужениот орган со оспореното решение не го повредил законот на штета на тужителот поради следното:

Согласно членот 2 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.136/2007...бр.83/2018), со овој закон особено се обезбедува: конкуренција меѓу економските оператори; еднаков третман и недискриминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

Согласно член 32 став 1 од Законот за јавните набавки, Договорниот орган е должен во тендерската документација да ги наведе барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на проведување на постапката за доделување на договор за јавна набавка. (2) Тендерската документација особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, особено адреса, телефонски број, број на факс, електронска пошта, лица за контакт, начини на комуникација итн.,- упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество во постапката за доделување на договор, - доколку се бара, минималните критериуми за утврдување на способност и документација што треба да јаподнесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето накритериумите за утврдување на способност, - технички спецификации или, вослучај на применување на конкурентен дијалог или постапка на преговарање, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување натехничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за доделување на договорот што ќе се применува за избор нанајповолна понуда согласно со одредбите од Главата VII Дел 3 на овој закон.

Во член 129 став 1 од Законот за јавните набавки, Понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. Согласно став 2 од истиот член, понудувачот задолжително доставува изјава во која под целосна материјална и кривична одговорност ќе изјави дека понудата ја поднел независно, без договор со други економски оператори спротивно на прописите за заштита на конкуренцијата, како и дека не учествува во истата постапка, односно во ист дел од постапка со други економски оператори со кои е капитално, сопственички или роднински поврзан. Согласно став 3 од истиот член, изјавата од ставот (2) на овој член ја потпишува исклучиво одговорното лице, се доставува заедно со понудата

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА УПРАВЕН СУД СКОПЈЕ

во секоја постапка одделно и не може дополнително да се достави по истекот на рокот за поднесување на понудите".

Согласно член 140 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки, неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.".

Согласно член 210 став 1 алинеја 3 од Законот за јавните набавки е наведено: „Битни повреди на законот во постапките за доделување на договор за јавна набавка се, ако: - тендерската документација на постапката за доделување на договор за јавна набавка не е во согласност со овој закон и довела или можела да доведе до дискриминација на економските оператори или ограничување на пазарната конкуренција".

Согласно член 211 од Законот за јавните набавки, во постапката за правна заштита Државната комисија постапува во границите на жалбените наводи, а по службена должност и во поглед на битните повреди пропишани во член 210 од овој закон.

Во конкретниот случај, по наоѓање на Управниот суд тужениот орган правилно ги применил горе цитираните законски одредби кога врз основа на истите ја одбил како неоснована жалбата на тужителот, со образложение дека договорниот орган, правилно го елиминирал тужителот како понудувач со неприфатлива понуда, согласно член 140 став 7 од Законот за јавните набавки.

Имено, врз основа на извршениот увид во доставената документација, Судот цени дека Државната комисија за жалби по јавни набавки правилно ги оценила како неосновани жалбените наводи на тужителот од причини што Изјавата за независна понуда поднесена од страна на тужителот содржи формални недостатоци со оглед на тоа што во истата е наведен само бројот на отворената постапка, а останатите податоци кои што се барале од страна на договорниот орган не ги навел, што ја прави изјавата за независна понуда нецелосна и со формален недостаток.

При ваква фактичка и правна состојба на работите, Судот имајќи ги предвид горе цитираните законски одредби, констатира дека оспореното решение е законито.

Судот ги ценеше тужбените наводите на тужителот, дека во Изјавата за независна понуда точно биле опфатени и наведени видот на постапката и бројот на огласот, меѓутоа ги оцени како неосновани и без влијание за поинакво одлучување. Ова, од причина што видно списите на предметот Судот утврди дека заедно со тендерската документација бил даден пример на изјава за независна понуда, во која се барало освен видот и бројот на постапката да биде наведен и видот на договорот, по која тужителот не постапил, односно во Изјавата за независна понуда го навел само бројот на огласот, а притоа не го навел предметот на договорот за јавна набавка, со што сторил повреда и на член 129 од Законот за јавните набавки, со што ја прави дадената изјава нецелосна и со формални недостатоци.

По однос на барањето на тужителот Судот да донесе одлука со која ќе го задолжи тужениот орган да ги сноси сите трошоци во постапката, Судот одлучи одредбата од член 7-б од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), според кој во управниот спор странките сами ги поднесуваат трошоците што ги предизвикале со свое дејствие.

Со оглед на горе изнесеното, Судот утврди дека тужбата на тужителот е неоснована и одлучи согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови.

Пресудено во Управен суд на ден 09.09.2020 година, под У-5.бр.1351/2019.

Записничар – судски соработник
Роберт Јордев

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена од приемот на истата, преку овој суд до Виш управен суд.

НАЛОГ ЗА ТАКСА: Се задолжува тужителот да плати судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката и тоа како примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБРСМ, судски такси од физички лица сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03359 Приходна шифра: 72-22-13, Програма:00, Начин:2, односно судски такси од правни лица банка на примач НБРСМ сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-11, Програма:00, Начин:2 .

Пресудата да се достави на:
- тужител, полномошник Александар Стефанов адвокат од Скопје
- тужен орган
- заинтересирано лице

Претседател на совет - Судија
Diturije Elezi Neziri

Согласноста на преписот [redacted]